**20192443803**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТ – ДЕЛНИЦА КИЧЕВО – ОХРИД КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕКСПОРТ - ИМПОРТ БАНКАТА НА КИНА И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Се прогласува Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за дополнително финансирање за Проектот за изградба на Автопат – делница Кичево – Охрид кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2019 година.

Бр. 08-6197/1
21 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТ – ДЕЛНИЦА КИЧЕВО – ОХРИД КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕКСПОРТ - ИМПОРТ БАНКАТА НА КИНА И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за дополнителното финансирање на Проектот за изградба на Автопат - делница Кичево - Охрид кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта во износ од 179.694.572,51 УСД, доколку Јавното претпријатие за државни патишта не ги исполнува и не ги сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на Автопат - делница Кичево - Охрид, кој ќе се склучи меѓу Експорт - импорт банката на Кина и Јавното претпријатие за државни патишта за Проект за изградба на Автопат - делница Кичево - Охрид.

Член 3

Условите и начинот на активирање на гаранцијата од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Гарантно писмо кое во име на Република Северна Македонија ќе го потпише министерот за финансии.

Министерот за правда ќе издаде правно мислење за правната важност на Гарантното писмо од став 1 на овој член.

Член 4

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши Јавното претпријатие за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 5

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 20 години, со вклучен грејс период од 5 години.

Каматната стапка е фиксна каматна стапка и ќе изнесува 2% на годишно ниво за целото времетраење на заемот.

Заемот ќе се отплаќа во 30 еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 20 април и 20 октомври секоја година.

Член 6

Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плати на Експорт - импорт банката на Кина еднократна провизија во висина од 0,25% од износот на заемот, во рок од 30 дена од датумот на влегување во сила на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плаќа на Експорт - импорт банката на Кина провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво, почнувајќи од 30-тиот ден од датумот на влегување во сила на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 7

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и Гарантното писмо, Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта ќе склучат посебен договор.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.